ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

СКОПЈЕ
Број, 03-1215/2
04.11.2022година

ОГЛАС бр.1/2022

Врз основа на член 26, 46, 47, 48 и 49 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21’’) и врз основа на Извештајот за извршена Процена на Трговско друштво за вршење на работи на процена од областа на информатичката технологија АБЦ – Бротхер ДООЕЛ Скопје Број 457 од 13.12.2021 година, а согласно Одлука за продажба на движни ствари бр.40-11814/1 од 14.12.2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.286 од 20.12.2021 година) донесена од Владата на Република Северна Македонија, Комисијата за продажба на движни ствари сопственост на Централен регистар на Република Северна Македонија со адреса Бул.,,Кузман Јосифовски Питу бр.1’’ – 1000 Скопје, Република Северна Македонија, ја дава следната

## О Б Ј А В А Бр.01/2022

### За ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ – електронска опрема и информатичка опрема по пат на електронско јавно наддавање

### I.ПРЕДМЕТ НА ПРОДАЖБА СО ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

1.Предмет на оваа објава со електронско јавно наддавање е продажба на движни ствари – електронска опрема и информатичка опрема сопственост на Централен регистар на Република Северна Македонија, и тоа:

| Реден број | Опис на движна ствар | Парчиња | Поединечна проценета вредност во денари | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Zyxel мрежен свич GS2200-48 | 6 | 600 | 3600 | |
| 2 | Fujitsu PRIMERGY TX150 S7 Intel Core i3-540 / 4GB RAM / 500GB HDD | 26 | 2000 | 52000 | |
| *3* | *Alcatel PBX телефонска ИП централа Alcatel-Lucent OmniPCX* | *1* | *6000* | *6000* | |
| 4 | телефони Alcatel-Lucent IP Touch 4018 | 110 | 100 | 11000 | |
| 5 | Читач за регистрација на работно време Spica TSTDOG20 | 9 | 2000 | 18000 | |
| 6 | SAN свич Brocade Brocade 300 8Gb 24FC | 2 | 3000 | 6000 | |
| 7 | Sonicwall firewall NSA 4500 | 2 | 2000 | 4000 | |
| 8 | B&W Sonny speakers DM 601 S3 100W | 1 | 10000 | 10000 | |
| 9 | Allied Telesys switch blade AT-SBx8112 | 1 | 30000 | 30000 | |
| 10 | EMC Datadomain DD640 / 12 x 1TB HDD SATA | 1 | 25000 | 25000 | |
| 11 | Cisco switch Catalyst 2960G 24p | 4 | 1300 | 5200 | |
| 12 | Fujitsu laptop Lifebook S760 | 1 | 1200 | 1200 | |
| 13 | Blade server Primergy RX200 S4 | 3 | 1000 | 3000 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 14 | Fujitsu blade chasis Primergy BX600 S3 | 1 | 2000 | 2000 | |
| 15 | Blade server Primergy BX630S2 | 15 | 1000 | 15000 | |
| 16 | Blade server Primergy BX620S4 | 7 | 1000 | 7000 | |
| 17 | Fujitsu blade chasis Primergy BX600 S3 | 1 | 1000 | 1000 | |
| 18 | Fujitsu tape library FibreCat TX24 | 1 | 2000 | 2000 | |
| 19 | Cisco SAN switch MDS 9222i 1Gb FC | 2 | 6000 | 12000 | |
| 20 | Cisco switch blade Catalyst 4507 R / 100 Gb ETH / 1Gb FC | 1 | 12000 | 12000 | |
| 21 | Cisco router 1841 | 15 | 1200 | 18000 | |
| 22 | Allied Telesys switch blade AT-SBx8112 | 1 | 20000 | 20000 | |
| 23 | EMC storage VNX5400 / 46 x 600GB | 1 | 20000 | 20000 | |
| 24 | Cisco router 2821 | 1 | 3200 | 3200 | |
| 25 | Citrix CloudBridge 800-002 | 2 | 2000 | 4000 | |
| 26 | Fujitsu blade virtualisation server BX920 S4 | 5 | 12000 | 60000 | |
| 27 | Citrix CloudBridge 2000-020 | 1 | 5000 | 5000 | |
| 28 | EMC Datadomain DD620/ 12 x 1TB HDD SATA | 1 | 20000 | 20000 | |
| 29 | ADC Citrix Netscaler PMX5550 | 1 | 19000 | 19000 | |
| 30 | EMC Enterprise class storage SYMMETRIX VMAX 10K / 40x 600GB DRIVE / 8 x 300GB DRIVE | 1 | 300000 | 300000 | |
| 31 | EMC RecoverPoint | 1 | 20000 | 20000 | |
| 32 | IBM QRADAR 2100 / 32GBRAM / HDD 1.5TB | 1 | 20000 | 20000 | |
| 33 | IBM QRadar Risk Manager / 64 GB RAM / HDD 5.6TB | 1 | 15000 | 15000 | |
| 34 | Fujitsu blade virtualisation server BX620 S6 | 1 | 2000 | 2000 | |
| 35 | Fujitsu blade virtualisation server BX620 S6 + SAN | 1 | 2000 | 2000 | |
| 36 | Cisco router 2811 | 2 | 3000 | 6000 | |

Наведените движни ствари, а во врска со Извештај за движни ствари - Извештај за нецелосна листа на предмети за продажба со електронско јавно наддавање со бр.03-1215/1 од 03.11.2022 година, согласно горенаведената Одлука, се наоѓаат во Скопје во просториите на седиштето на Централниот регистар на Република Северна Македонија на Бул.,,Кузман Јосифовски Питу бр.1'' – 1000 Скопје.

Почетната цена на движната ствар е проценетата вредност на истата наведена во табеларниот приказ за секоја движна ствар.

**II.** ДАТУМ И ЧАС НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Јавното наддавање за електронска опрема и информатичка опрема од табеларниот преглед од точка 1 ќе се изврши на ден 21.11.2022 година со почеток во 10:00 часот.

Јавното наддавање ќе се одржи електронски на следната интернет страница адреса http://e-aukcii.finance.gov.mk.

III. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ДВИЖНИТЕ СТВАРИ

Разгледувањето на движните ствари може да се врши со претходна пријава секој работен ден од 10.00 до 14.00 часот - лице за контакт Оливер Симјанов 078/490 305.

IV. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на електронското јавно наддавање имаат сите домашни и странски физички и правни лица кои ги исполнуваат условите дадени во објавата.
Заинтересираните лица можат да учествуваат за продажба на движните ствари со поднесување на Пријава за учество.

V. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Пријавувањето за учество на јавното наддавање се врши електронски на следната интернет адреса: http://e-aukcii.finance.gov.mk.
Во прилог на пријавата, подносителите треба да прикачат:
**а) за правните лица:**
- Тековна состојба од Централен регистар на РСМ, односно соодветен документ издаден од надлежен орган од земјата каде што е регистриран правниот субјект не постар од 6 месеци од денот на издавањето.

**б) за физички лица:**
**-** Копија од важечка лична карта или патна исправа.

Банкарската гаранција во висина од 2% од проценетата вредност на секоја поединечна движна ствар од т.1 од истекот на рокот за пријавување се поднесува и во писмена форма (во оригинал) до Комисијата за движни ствари на Централен регистар, на адреса Бул,,Кузман Јосифовски Питу бр.1'' – 1000 Скопје.
Истото важи и за сите останати документи.

VI. РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

За учество на јавното наддавање, учесниците се должни електронски да се пријават до истекот на 10-от ден, сметано од денот на објавување на објавата во дневните весници и на интернет страницата. Заклучно со ден 16.11.2022 година Комисијата, на подносителите кои во системот за електронско наддавање се пријавиле со комплет документи во прилог, наведени во точка V од објавата, во рок од 3 (три) дена по истекот на времетраењето на објавата ќе им достави корисничко име и шифра за учество на јавното наддавање (појаснување-ова го креира автоматски системот и го праќа), а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека нема да учествуваат на јавното наддавање.
Учесниците се должни пријавата и банкарската гаранција да ги достават најдоцна до 17.11.2022 година.

VII. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Заинтересираните правни и физички лица електронски поднесуваат Пријава за учество на јавното наддавање, која треба да ги содржи сите податоци и докази утврдени во објавата.**(За да може да поднесе пријава за учество заедно со доказите утврдени со објавата секое физичко и правно лице треба претходно да се регистрира на страната (https://e-aukcii.finance.gov.mk/).** Доколку понудувачот веќе учествувал во постапките по претходни објави и спроведени електронски јавни наддавања спроведени преку овој систем за него се уште важат претходно автоматски доделените корисничко име и лозинка – од учество во постапка која ја спроведувала државниот орган или правно лице основано од државата.
Почетна цена на електронското јавно наддавање претставува вкупната проценета вредност на движните ствари и истата изнесува 760.200 денари.
Задолжителна документација за учество на јавното наддавање е:

Пријава пополнета со сите предвидени податоци, со датум не постар од шест месеци, со потпис од одговорното лице и печат од правното лице, електронски во pdf форма.

Доказите кои е потребно да се достават кон пријавата за електронското јавно наддавање, регистрираното лице е должно да ги прикачи во системот во скенирана копија на оригиналот во PDF формат, и тоа:

1. Изјава за прифаќање на условите што се дадени во Објавата;
2. Банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2 % од проценетата вредност на движната ствар. Недоставувањето на банкарската гаранција во писмена форма до комисијата ја прави пријавата неприфатлива и истата ќе биде одбиена.
3. Доказ за идентитет за правни лица и физички лица наведени во точка V.
4. Е-маил адреса на подносителот на пријавата, преку која ќе се врши постапката на регистрирање за учество на електронско јавно наддавање, односно ќе му бидат испратени корисничкото име и шифра за пристап на страната http://e-aukcii.finance.gov.mk на која што ќе се одвива електронското јавно наддавање.

**VIII.БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА**

Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на јавното наддавање се враќа на подносителот на пријавата во рок од 15 дена од одржувањето на јавното наддавање а банкарската гаранција на најповолниот понудувач му се враќа во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната сума постигната на јавното наддавање.

Банкарската гаранција се дава во корист на Централен регистар на Република Северна Македонија со адреса Бул,,Кузман Јосифовски Питу бр.1'' – 1000 Скопје, а времетраењето на банкарската гаранција треба да биде со рок на важност најмалку 60 дена до 31.12.2022 година.

IX. ПОСТАПКА

1. Јавното наддавање се спроведува во согласност со одредбите од член 26, член 48 и член 49 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21'').
2. За да се одржи јавното наддавање, потребно е да има најмалку 1 учесник и Огласот **е деллив** и пријавата може да се поднесе за било која движна ствар посебно.
3. За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна цена која претставува највисока цена за продажба на недвижните ствари.
4. Најповолниот понудувач е должен во рок од 15 дена од приемот на писменото известување за избор, да уплати средства, во согласност со постигната крајна цена, на една од сметките на Централниот регистар, објавени на Веб страната. Доколку не ги уплати во овој рок нема да се пристапи кон склучување на Договор, банкарската гаранција ќе биде активирана, а понудувачот нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните движни ствари во период од 1 (една) година.
5. Директорот на Централниот регистар ќе склучи Договор за купопродажба со најповолниот понудувач во рок од 15 работни дена по извршена уплата, кој се доставува кај нотар заради вршење на солемнизација.
6. Данокот на промет и нотарските трошоци за солемнизација на Договорот за купопродажба на движните ствари ќе ги сноси купувачот-најповолниот понудувач.
7. Учесниците на јавното наддавање имаат право на приговор само по однос на постапката на јавното наддавање, во рок од 3 дена од одржувањето на јавното наддавање до Комисијата која одлучува по приговорот со решение во рок од 5 дена од приемот на приговорот. Против решението на Комисијата може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

X. ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА НА КОЈА ЌЕ СЕ ОДРЖИ НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Јавното наддавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница http://e-aukcii.finance.gov.mk.

Оваа објава ќе биде објавена на web страната на Централен регистар од каде може да се преземе Пријавата за учество.

Комисија за движни ствари сопственост на